ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-27/108
01.09. 2023 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ТУРИСТИ И ИЗЛЕТНИЦИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Усвоени со одлука на Управен одбор бр.0202-27/107 од 01.09.2023 година

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 01.09.2023 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на туристи и излетници од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на туристи и излетници од последици на несреќен случај (незгода) што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштвото за осигурување ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ (во понатамошен текст : осигурувач),

Договорувач на осигурувањето во смисла на овие Дополнителни услови може да биде секоја организација која според својата дејност организира излети и превоз на туристи и излетници.

Лицата кои се осигуруваат според овие Дополнителни услови осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општа работна способност и годините на староста, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став(3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучуват од осигурувањето.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Договорот за осигурување на излетници се склучува според вкупно издадените билети или пријави за одење на излет и врз основа на предвидениот број на денови на траење на излетот, за секој пооделен излетник.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 3

Ако не е поинаку договорено во полисата, осигурувањето во однос на секој одделен излетник почнува од моментот кога дошол на собирното место за поаѓање на излет, а престанува во моментот на напуштањето на местото определено за враќање на излетникот непосредно по враќањето, односно во моментот на оддалечувањето од местото определено за купување билет или за пријавување на заминување на излет.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 4

Осигурувањето се однесува само на излетниците што организираат групни излети во одделни места или поблиската околина на појдовното место преку означената организација во полисата.

Осигурувањето не ги опфаќа сите несреќни случаи во смисла на член 5 од Општите услови што ќе ги претрпат излетниците, како при заминувањето и враќањето од излет така и за време на престојувањето во излетничките места.

Осигурувањето ги опфаќа несреќните случаи што ќе ги претрпат излетниците за време на чекањето за поаѓање на излет на за тоа определеното собирно
место, како и непосредно по доаѓањето од излет, додека излетникот не се оддалечи од местото определено за враќање од излет.

Осигурувањето не ги опфаќа лицата кои според својата службена должност се наоѓаат со излетниците било како организатори или водичи, возачи, кондуктери и сл.

Кон осигурувањето на посетителите се вклучуваат и осигурувањето на одговорност на договорувачот спрема осигурените лица поради телесни повреди, оштетување односно исчезнување на нивните предмети, до износите означени во полисата.

Правата и обврските од ова осигурување се регулирани со Посебните услови за осигурување од одговорност на договорувачот на осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) и според овие Дополнителни услови.

## НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

### Член 5

Премијата за осигурување се пресметува во рокот означен во полисата за осигурување, врз основа на вкупно издадените билети или пријави за заминување на излет врз основа на предвидените во нив денови за трраење на излетот за секој одделен излетник.

Договорувачот е должен да му достави на осигурувачот пресметка на премијата во договорениот рок за претходното траење и едновремено да му го дозначи вкупниот износ на премијата според пресметката.

Договорувачот е должен да му ги стави на увид на осигурувачот сите книги и други евиденции од кои може да се утврди правилноста на извршената пресметка на премијата.

Договорувачот е должен да му ја плаќа договорената премија на осигурувачот за сето времетраење на осигурувањето во рокот договорен во полисата.

Ако премијата се плаќа во пошта се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога е уплатена во пошта, ако се плаќа со вирман, се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден, кога е предаден вирманскиот налог во банка.

Обврска на осигурувачот постои спрема секој осигуреник одделно постои и кога договорувачот не ја платил премијата во предвидениот рок, ако осигурениот случај настанал за времетраењето на осигурувањето во смисла на член 6 и 19 од Општите услови.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ИЛИ ПОСТАРИ ОД 75 ГОДИНИ

### Член 6

Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име трошоци за погреб договорената сума за случај на смрт, но најмногу до максималниот износ утврден со Одлука на Упревен одбор на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ.

Кога лицето на кое му се случило несреќен случај е постаро до 75 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од износот што инаку требало да го плати.

## ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

### Член 7

Договорувачот е должен да го пријави на осигурувачот секој настан кој според овие Дополнителни услови има влијание врз обврската на осигурувачот

(несреќен случај, оштетување или исчезнување на предмети), како и да им го пријави на органите надлежни за кривично гонење, доколку таков настан повлекува чија и да е кривична одговорност.

Договорувачот исто така е должен на осигурувачот, кога ќе побара, да му ги даде на увид сите потребни известувања за разјаснување и утврдување на постоењето висината на неговата обврска.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а доколку нивната содржина е во спротивност со содржината на Општите услови важат овие Дополнителни услови.

### Член 9

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

### Член 10
### Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 11**
**Основ и цел за обработка на лични податоци**

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска" бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје" или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 12**
**Пренос на личните податоци**

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 13**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 14**
**Права на субјектите на личните податоци**

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 15**
**Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во

рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Елизабета Божиновска**

Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје